**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2402-50/5 од 11.5.2026 година донесена на 128. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 6.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област ликовна/визуелна уметност на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија е во состав:

- м-р Јана Јакимовска, редовен професор од областа ликовна/визуелна уметност – 6.04.00.01, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- м-р Слободанка Стевчевска, редовен професор од областите ликовна/визуелна уметност (6.04.00.01) и друго (6.04.00.08), Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член;
- м-р Антони Мазневски, редовен професор на група предмети од областа цртање и сликање, Факултет за ликовни уметности, УКИМ – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријавија:

- м-р Верица Наумова;
- м-р Јована Трајанова.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **М-р Верица Наумова**
   ***Биографски податоци***

М-р Верица Наумова е родена во 1982 година во Штип. Додипломските студии на отсекот Сликарство со насока Графички дизајн во класата на проф. Благоја Маневски на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ги започнува во 2001 година, а ги завршува во 2006 година, со средна оценка 8,81, со што се стекнува со право на стручен назив дипломиран сликар со графички дизајн. Во 2007 година таа се запишува на магистерски студии на истиот факултет, каде што под менторство на проф. Благоја Маневски магистрира во 2011 година, со средна оценка 9,92, на тема со наслов „Мултиплицирање, серијалност во отвореното уметничко дело“, со што се стекнала со право на научен степен магистер на ликовни уметности од областа сликарство. Во периодот од 2008-2009 година, кандидатката запишува и успешно ја завршува студиската програма за стекнување наставнички компетенции на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2011 г. се стекнала и со Уверение за стручен

испит издадено од Министерството за образование и наука. Дополнително, кандидатката наведува сертификати за учество на 2 обуки доделени од МОН - Биро за развој на образованието: Сертификат за учество во обука под наслов „Страгегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училницата и во онлајн/виртуелна училница“ (2023) и Сертификат за учество во обука под наслов „Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторства и сл.)“ (2024).

Работното искуство на кандидатката речиси исклучиво е врзано за образованието и ликовната уметност. Уште од 2009 година таа работи како наставник по ликовно воспитание и одделенски раководител во ООУ „Ванчо Прке“ – Штип, работа која ја работи и денес. Од 2022 година до денес, таа е и наставник во Ликовното ателје при Центар на култура „Ацо Шопов“ – Штип. Од 2023 година до денес, таа е континуирано ангажирана на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип како стручњак од праксата, каде што активно и успешно учествува во наставата.

Во својата биографија, кандидатката наведува повеќе активности - самостојни изложби во земјава и во странство, учества на групни изложби, но и менторски претставувања со своите ученици, од што се насетува испреплетеноста на овие две линии во нејзината пракса. Истите се испреплетени и во биографијата на кандидатката, па оттаму Комисијата се обиде најдобро што е можно да ги раздвои и класифицира овие активности за да можат да бидат најсоодветно бодувани и наведени во општите и посебните услови за избор. Кандидатката, исто така, наведува и учества на разни проекти и меѓународни конференции. Наведува дека е долгогодишен соработник на повеќе културни, образовни и уметнички институции во и вон земјава. Таа наведува дека била раководител на бројни проекти со ученици, учесник на културни и уметнички манифестации поддржани од Министерството за култура на РМ, како и на проекти финансирани од Владата на Република Романија.

Кандидатката наведува листа на сертификати и награди, листа на учества на проекти, како и меѓународни конференции. Комисијата за сите овие активности поединечно ќе се изнесе подолу во овој Извештај.

**Општи услови за избор:**

**Просечен успех**

Кандидатката м-р Верица Наумова има остварено просечен успех 8,81 на првиот циклус студии по сликарство на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје. На вториот циклус студии на истиот факултет, кандидатката има остварено просечен успех 9.92, со што вкупниот просечен успех на кандидатката од двата циклуси на студии е 9.36.

**Научен степен- магистер**

Кандидатката м-р Верица Наумова во 2011 година се стекнува со звањето магистер на ликовни уметности од областа сликарство на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што го исполнува условот за научен/уметнички степен од соодветната област. Дополнително, кандидатката ја завршува студиската програма за стекнување наставнички компетенции на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

во 2009 година, за што има соодветна документација. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2011 г. се стекнала и со Уверение за стручен испит издадено од Министерството за образование и наука, меѓутоа за овој податок нема доставено соодветна документација до Рецензентската комисија.

**Претходен избор во звање**

Кандидатката нема претходен избор во звање.

**Објавени научни трудови во референтна научна публикација**

Кандидатката има објавено следниот труд:

- Efremov, J., Naumova, V., Dimitrijeva Kuzmanovska, V., Janevski, A. i Ananijeva, M. (2025). „DEVELOPMENT OF FORM AS A FORMATIVE ELEMENT IN THE INDUSTRIAL FASHION PRODUCT", *Zbornik radova / Proceedings: VIII Međunarodna naučna konferencija "Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji" (CT&ITI 2025)*, Beograd: Union of Engineers and Textile Technicians of Serbia, стр. [283–297], ISBN 978-86-900426-8-5.

Комисијата констатира дека наведениот труд претставува научен труд објавен во Зборник на трудови од меѓународна научна конференција (Proceedings). Иако трудот ги поседува сите атрибути на научен труд и соодветно се бодува во рамките на научноистражувачката дејност (согласно со Правилникот), тој не е објавен во референтно научно списание со фактор на влијание (Impact Factor). Соодветно на тоа, Комисијата го признава и вреднува овој труд како научен труд објавен во зборник од меѓународен научен собир.

**Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава**

М-р Верица Наумова е авторка на повеќе признати уметнички и стручни дела и остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава. Таа во биографијата наведува две самостојни ликовни претставувања во земјава (Бесконечен ритам, 2006, Младински културен центар во Скопје,и Волшебен ќилим, 2005, Младински културен центар во Скопје, во рамки на Бела ноќ). За второнаведената самостојна изложба која истовремено во биографијата е наведена и како учество на групна изложба, кандидатката нема доставено соодветна документација во вид на каталог, но има документација за нејзино случување. Поради природата на манифестацијата Бела ноќ и неможност да се утврди бројот и количеството на дела на кандидатката, истата ќе се разгледува како учество на групна изложба. Кандидатката има наведено и учества на неколку групни изложби. Конкретни наводи и документација за некои од овие активности е приложена и истите Комисијата ќе ги разгледа и вреднува во табелата подолу. Во овој контекст, во пријавата се приложени документи на повеќе страници на кои се прикажани фотографии од изложби и работилници, без наслов, како и неколку репродукции на уметнички дела. Со оглед на тоа дека не е приложена официјална документација (каталози или публикации од овие активности, покани, договори и слично) како доказ за дел од уметничките и стручните остварувања на кандидатката, Комисијата истите не може да ги вреднува. Кандидатката приложува и голем број менторски учества на

изложби со своите ученици, поткрепени со сертификати, пофалници и плакати. Комисијата заклучува дека овие активности ќе бидат разгледувани и бодувани во делот на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Дополнително, кандидатката во документацијата која ја приложува, наведува учество во изработка на две монументални дела: мозаикот Универзум на Домот на култура „Ацо Шопов“ во Штип, 2022 (за кој има соодветна документација во вид на оригинален сертификат), како и учество во изработка на мозаик во Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце, 2004, за кој има приложено црно-бела фотокопија од фотографија на споменикот, без конкретна документација која ги наведува имињата на авторите и учесниците, поради што оваа активност нема да се вреднува.

Кандидатката во својата биографија ги наведува и следните самостојни изложби во странство:

1. Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните мотиви на традиционалната романска и влашка носија“, 26-30 март, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2026);
2. Самостојна изложба со уметнички слики „Мозаик фолклорните мотиви на Романците“, 23-27 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2025);
3. Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните влашки носии од Северна Македонија“, 23-26 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2025);
4. Самостојна изложба со уметнички слики разработки на мотиви од традиционалните појаси на Власите во Македонија, 23-27 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2024);
5. Самостојна изложба со слики „Флоралните мотиви во традиционалните влашки носии“, 24-28 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2024);
6. Самостојна изложба „Инсталација традициите мостот на културите“, 25-28 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2023);
7. Самостојна изложба со слики со традиционални влашки носии, 16-30 декември, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација, Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија (2021).

За две од овие активности (под ред. бр. 4 и 6 ) не е доставена соодветна поткрепувачка документација и истите нема да се разгледуваат, додека за преостанатите пет активности (под ред. бр. 1, 2, 3, 5 и 7) Комисијата детално ја разгледа доставената документација. Земајќи ги предвид нивното времетраење, карактерот и организациската поставеност на здружението, како и тематиката на настаните, Комисијата констатира дека овие активности не можат да се бодуваат како самостојни ликовни изложби во странство, туку соодветно се класифицираат и бодуваат како учество на ликовна изложба во странство.

Во прилог ги наведуваме најзначајните дела и претставувања на кандидатката м-р Верица Наумова:

| Бр. | Автор | Наслов на делото / изложбата | Место на претставување | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Верица Наумова | Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните мотиви на традиционалната романска и влашка носија“, 26-30 март, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација | Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија | 2026 |
| 2. | Верица Наумова | Самостојна изложба со уметнички слики „Мозаик фолклорните мотиви на Романците“, 23-27 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација | Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија | 2025 |
| 3. | Верица Наумова | Самостојна изложба со уметнички слики „Традиционалните влашки носии од Северна Македонија“, 23-26 мај, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација | Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија | 2025 |
| 4. | Верица Наумова | Самостојна изложба со слики „Флоралните мотиви во традиционалните влашки носии“, 24-28 октомври, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација | Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија | 2024 |
| 5. | Верица Наумова | Учество со изложба на слики во Меѓународниот проект „Традицијата и културата обединуваат“ финансиран од Владата на Романија | Информативен центар на Романија, Скопје, Р. Северна Македонија | 2023 |
| 6. | Верица Наумова | Учество во проектот „Холокаустот низ призмата на детските очи“ | Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, Р. Северна Македонија | 2023 |
| 7. | Верица Наумова | Учество на изложба „Мојот град“ | НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија | 2022 |
| 8. | Верица Наумова | Учество во изработка на мозаикот УНИВЕРЗУМ (проект на Welcome center) | НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија | 2022 |
| 9. | Верица Наумова | Самостојна изложба со слики со традиционални влашки носии, 16-30 декември, Меѓународна манифестација Планинска цивилизација | Центар за култура - Солена Вода, Кампулунг-Мушцел, Романија | 2021 |
| 10. | Верица Наумова | Самостојна изложба „Бесконечен ритам“ | МКЦ, Скопје, Р. Македонија | 2006 |
| 11. | Верица Наумова | Штипско културно лето 2005: ФЛУ Апсолвенти 2005, класа на проф. Благоја Маневски | Безистен, Штип, Р. Македонија | 2005 |
| 12. | Верица Наумова | Бела ноќ 2005: инсталација „Волшебен ќилим“ | МКЦ, Скопје, Р. Македонија | 2005 |
| 13. | Верица Наумова | 7. Биенале на млади уметници | МСУ Скопје, Р. Македонија | 2004 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Верица Наумова | „Еклектизам“ | Безистен, Штип, Р. Македонија | 2004 |
| 15. | Верица Наумова | „Еклектизам“ | Дом на култура – Виница, Р. Македонија | 2004 |
| 16. | Верица Наумова | „Еклектизам“ | Галерија Куманово, Р. Македонија | 2004 |

Со оглед на тоа дека станува збор за истата изложба која била изложувана во повеќе градови, активностите под редните броеви 14, 15, и 16 во оваа табела ќе бидат бодувани како една активност. Дополнително, кандидатката ги има наведено следните учества на изложби, меѓутоа за нив нема доставено материјален доказ во документацијата:

- Учество на изложба „Крафт фестивал“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Учество на изложба за време на одржувањето на Макфест (музички фестивал) - НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Учество на биенале на цртеж на уметници на град Штип, НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ – Штип (2022);
- Учество на модна ревија со колекција „Кирилицата магичниот мост до уметноста“, Факултет за уметности, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ (2022);
- „International Fashion Days“ Faculty of Technology, University „Goce Delcev“ - Stip (2022);
- Учество на групна изложба на жените од источниот регион - НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип (2019);
- „Млади уметници“ Безистен Штип (2006);
- Интернационално биенале на млади уметници, Музеј на Град Скопје. (2004)

**Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Кандидатката Верица Наумова активно го владее англискиот јазик (III степен), за што има приложено соодветна документација од Центар за странски јазици при Работнички универзитет „Ванчо Прќе“ – Штип.

**Способност за изведување на високообразовна дејност**

Имајќи ја предвид биографијата на кандидатката, нејзината педагошка доквалификација, како и нејзиниот долгогодишен ангажман во образованието од областа на ликовната уметност и воспитание како наставник во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип, ангажманот како ликовен наставник во Домот на култура „Ацо Шопов“, бројните менторства на ученици и нивни учества на изложби, конкурси и манифестации, како и тригодишниот ангажман во високото образование како стручњак од пракса на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, може да се заклучи дека кандидатката покажува исклучителна способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

**Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

Кандидатката во својата биографија има наведено учество на повеќе проекти. За дел од наведените активности не е доставена соодветна

документација, поради што Комисијата не ги зема предвид при вреднувањето. Воедно, проектите во кои кандидатката се јавува како ментор на ученици од основното и средното образование не можат да се земат предвид во рамките на овој посебен услов.

Релевантните учества кои Комисијата ги зема предвид се прикажани во следната табела:

| Бр. | Автор | Наслов на проект | Место на претставување | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Верица Наумова | Меѓународен проект: Мозаична инсталација како културна соработка и современо живеење, Платформа за меѓународна соработка | Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип, Р. Северна Македонија | 2022 |
| 2. | Верица Наумова | Учество во меѓународниот проект Меѓународни денови на Власите, финансиран од Министерството за култура на Македонија | Општина Крушево, Р. Северна Македонија | 2022 |
| 3. | Верица Наумова | Учество во Меѓународниот проект Денови на влашката култура и уметност, 2020, Крушево | Општина Крушево, Р. Северна Македонија | 2020 |

**Успешно дејствување во соодветната област на уметноста**

Кандидатката во својата биографија наведува самостојни и групни претставувања во земјава и во странство, кои се веќе наведени погоре во овој реферат. Но, нејзиниот суштински успех во областа е успешното образување и менторирање на ученици од основното и средното образование и нивно насочување кон ликовната уметност. За тоа сведочат нејзините работни ангажмани во формалното и неформално образование наведени погоре во овој реферат, како следните активности во вид на менторски учества, одржани работилници и останати активности, поткрепени со документација:

- Ментор на ликовна работилница „Ехото на мозаикот“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип, 2025;
- Менторско учество на изложба „Пејзаж“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип;
- Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2025, ментор на студенти;
- Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2024, ментор на студенти;
- Менторско учество на изложба „Штип град на текстилот“ при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2024);
- Менторско учество на изложба посветена на надреализмот, Надреализмот како личен израз - НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на 1st National Space Olympiad - при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на изложба „100 год. од раѓањето на Ацо Шопов“ во чест на поетот во галерија при НУ Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2023);
- Менторско учество на ликовниот конкурс на тема „Креативноста низ дизајнот и уметноста“ СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип (2022); Менторско учество на изложба „Цветови “ - Центар на култура „Ацо Шопов“ - Штип (2022).

Освен овие активности кои се наведени во нејзината биографија, кандидатката кон пријавата приложува уште документи кои сведочат за нејзиното залагање во областа на остручувањето на младите во областа на ликовната уметност:

- Благодарница како наставник во ООУ „Ванчо Прке" – Штип за особен придонес и менторска поддршка на ученичката Бјанка Читкушева за освоено I (прво) место на Ликовен конкурс на тема „Облекувај се паметно – одржлива мода", доделена од Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието (2025);
- Благодарница за изработка на слики за модна колекција доделена од НУ Спомен куќа „Тодор Проески" – Крушево (2023); - Ментор на Работилница за мозаик со млади таленти насловена „Мозаикот денес", Плато – Дом на култура „Ацо Шопов" - Штип, РС Македонија (2022);
- Благодарница за изработка на детски цртежи од НУ Спомен куќа „Тодор Проески" – Крушево (2022); -Сертификат за учество во активности организирани од Информативниот центар на Романија во Република Северна Македонија, доделена од Информативен центар на Романија во Скопје (2022);
- Благодарница за менторство на учениците на Ликовниот конкурс на тема „Војната долго се осветува" по повод 6 Април – Ден на цивилните инвалиди од војната на Македонија, доделена од Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија (2019);
- Пофалница за освоена дополнителна награда во категоријата севкупно творештво, како ментор на Меѓународниот културно-уметнички конкурс „Уметноста – моја инспирација, 2019", доделена од Академија „Еуроарт" – Штип, РС Македонија (2019); -Благодарница за менторско учество на еко-хепенингот во ОУ „Ванчо Прке", Штип, доделена од Просветно дело АД, Детска радост (2013) -Благодарница за учество како наставник на Ликовниот конкурс „Битола 2013", доделена од Детско ликовно студио „Св. Кирил и Методиј" - Битола – Македонија (2013).

Освен горенаведените, кандидатката приложува уште 9 благодарници и 1 признание кои Комисијата не може да ги валоризира во контекст на успешно делување во областа на уметноста.

Кандидатката ја има наведено следната активност, која не кореспондира со времето на нејзиниот ангажман на Ликовната академија при УГД: - Годишна студентска изложба на факултетите од визуелните уметности - 2023, ментор на студенти.

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Бидејќи кандидатката во работата на Академијата е вклучена како стручно лице од праксата (во учебните години 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026), таа овој услов го исполнува индиректно, преку работа со студентите од студиската програма Класично сликарство и нивно оспособување во практичниот дел од наставата.

**Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

Кандидатката нема објавено учебник, скрипта ниту практикум,

но имајќи предвид дека станува збор за прв избор во насловно звање овој критериум не е неопходен за исполнување на условите.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката Верица Наумова поседува долгогодишно наставно и педагошко искуство во областа на ликовните уметности. Нејзиниот професионален ангажман во образовниот процес го опфаќа следново:

- Основно образование: Од 2009 година до денес работи како наставник по ликовно образование и одделенски раководител во ООУ „Ванчо Прке“ – Штип.
- Неформално и уметничко образование: Од 2022 година е наставник во Ликовното ателје при НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип.
- Високо образование: Од 2023 година е ангажирана на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како стручно лице од пракса, каде што учествува во изведувањето на практичната настава и вежби по предмети од областа на ликовните уметности. Кандидатката за време на овие студиски години беше ангажирана на вкупно 4 предмети: Сликање 1, Сликање 2, Визуелна култура и Теорија на ликовни уметности – 2 во летниот и 2 во зимскиот семестар. На овие предмети кандидатката асистираше на студентите во делот на практичните вежби, но како стручно лице од праксата таа и одржа по едно предавање во секој семестар. Комисијата констатира дека оваа конкретна активност се вреднува како одржано предавање по покана од научна институција во делот на Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности.

Покрај редовната настава, кандидатката има остварено исклучителен придонес во менторството на ученици и студенти, водејќи бројни проекти, како и организирање и менторирање на годишните студентски изложби на факултетите од визуелните уметности во годините во кои била ангажирана како стручно лице од праксата.

Творечкиот и истражувачкиот опус на кандидатката Верица Наумова се одликува со стручна примена и поврзаност меѓу традиционалните уметнички форми (мозаик, фолклорни мотиви, текстил) и нивна современа трансформација во уметноста и дизајнот.

Кус осврт на научниот труд (коавторство):

- Jordan Efremov, Verica Naumova, Vangja Dimitrijeva Kuzmanovska, Aco Janevski, Marija Ananijeva, „*DEVELOPMENT OF FORM AS A FORMATIVE ELEMENT IN THE INDUSTRIAL FASHION PRODUCT*“, VIII Međunarodna научна конференција „Savremeni trendovi i inovacije u tekstilnoj industriji“, 18–19 септември 2025, Белград, Србија.

*Евалуација:* Трудот се фокусира на аналитичкиот и креативниот процес на развој на формата како примарен конститутивен елемент во индустрискиот моден производ. Научниот придонес на кандидатот се гледа во интердисциплинарниот пристап, поврзувајќи ги визуелните уметности со текстилната индустрија и индустрискиот дизајн.

Кандидатката во извештајниот период нема објавено трудови во списанија со ИФ, бидејќи нејзината примарна дејност е во областа на уметничко-применетото творештво, изложбената дејност и стручно-апликативните проекти.

Врз основа на увид во целокупната документација може да се заклучи дека кандидатката Верица Наумова поседува соодветни квалификации, темелно академско образование (магистер по ликовни уметности – сликарство) и богато наставно-педагошко искуство. Нејзиното ангажирање како стручњак од пракса на Ликовната академија претставува директен мост меѓу образовниот систем и уметничката пракса. Со оглед на изложбените активности во земјава и во странство, учеството во меѓународни проекти, учество во изработка на 1 монументално дело и континуираното менторство, кандидатката целосно ги исполнува условите за избор во соодветното звање за кое аплицира.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во рамките на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, Комисијата го разгледа и синтетизираше целокупниот професионален, стручен и организациски ангажман на кандидатката м-р Верица Наумова. Нејзиниот стручен придонес примарно се огледа преку континуираната примена на ликовната уметност во заедницата и културните установи, изработката на сложени уметнички инсталации и монументални дела, како и крос-секторската соработка меѓу визуелните уметности и индустријата. Посебен акцент во оваа категорија се става врз нејзиното учество во изработката на монументалниот мозаик „Универзум“ за потребите на НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ во Штип, а во организација на Welcome center (2022), како и реализацијата на мозаичната инсталација остварена преку Платформата за меѓународна соработка (2022). Воедно, нејзиното научно-стручно профилирање во апликативните области е потврдено и преку интердисциплинарниот труд објавен во зборникот на трудови од VIII Меѓународна научна конференција во Белград (2025), каде што преку коавторство ја обработува проблематиката на развојот на формата во индустрискиот моден производ.

Организациско-развојниот сегмент од нејзината кариера е силно обележан со создавањето соработка со повеќе образовни, културни и локални институции. Кандидатката остварува докажана дејност преку организација, раководење и менторска реализација на широк спектар уметнички и едукативни содржини, меѓу кои се издвојуваат авторските и менторските ликовни работилници „Ехото на мозаикот“ (2025) и „Мозаикот денес“ (2022), остварени во соработка со НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ во Штип. Во тој контекст се вбројуваат и организираните тематски изложби (10), ликовните конкурси и културните манифестации во кои таа активно ги насочува и подготвува младите автори и студентите, што е валидирано со повеќе благодарници и признанија (9) издадени од релевантни државни и културни институции, како што се Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието (2025), НУ Спомен куќа „Тодор Проески“ во Крушево (2022, 2023), Информативниот центар на Романија (2022), како и локални образовни и уметнички центри (2013, 2019).

Паралелно со ова, кандидатката остварува континуиран професионален развој преку следење и учество на стручни обуки (2) организирани од Бирото за развој на образованието (2023, 2024), насочени кон менаџментот во училницата и унапредувањето на професионалната соработка меѓу наставниците. Сите овие сегменти потврдуваат дека м-р Верица Наумова поседува изразен капацитет за практична примена на уметноста, организација на стручно-апликативни проекти и развој на институционалната соработка.

1. **М-р Јована Трајанова**
   ***Биографски податоци***

М-р Јована (род. Велинова) Трајанова е родена во 1996 година во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование. Додипломските студии ги започнува во учебната 2014/2015 година на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на насоката Класично сликарство. Дипломира во 2018 година со просечен успех 9,56, стекнувајќи се со стручниот назив дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство, а за покажаниот исклучителен успех за време на студиите е одликувана и со Пофалница за најдобар студент. Во 2019 година завршува Академија за графички дизајн во Едукативниот центар „Брејнстер" во Скопје, стекнувајќи се со соодветен сертификат, а во 2020 година на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип успешно ја завршува и студиската програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка. Во учебната 2023/2024 година ги запишува едногодишните постдипломски студии по сликарство на Ликовната академија при УГД – Штип, каде што магистрира во 2025 година со просечен успех 9,75 и го стекнува уметничкиот степен магистер по ликовна уметност – сликарство.

По дипломирањето во 2018 година, кандидатката професионално дејствува како графички дизајнер и илустратор. Во рамките на својот стручен и авторски ангажман, таа креира авторски сликовници и персонализирани изданија за деца, а се јавува и како илустратор на повеќе детски изданија за Издавачката куќа „Арс Ламина". Покрај професионалната дејност во областа на дизајнот, м-р Јована Трајанова остварува и континуирана уметничка активност преку реализација на самостојни и групни изложбени проекти (вклучително учества на изложби во организација на ДЛУШ, Фестивалот „Паратисима" и меѓународни мултимедијални колаборации), а ангажирана е и како предавач на меѓународни работилници. За својата дејност е добитник на повеќе признанија, меѓу кои и Прва награда на Националниот конкурс за стрип „ЛИФТ" (2019).

**Општи услови за избор:**

**Просечен успех**

Кандидатката м-р Јована Трајанова има остварено просечен успех 9,56 на првиот циклус на студии по класично сликарство на Ликовна академија при УГД во Штип. На вториот циклус на студии на истиот факултет, кандидатката има остварено просечен успех 9,75, со што вкупниот просечен успех на кандидатката од двата циклуси на студии е 9,65.

**Научен степен магистер**

Кандидатката м-р Јована Трајанова во 2025 се стекнува со звањето магистер по ликовна уметност - сликарство на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со што го исполнува условот за научен/уметнички степен од соодветната област. Дополнително, кандидатката ја завршува студиската програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во 2020 година, за што има соодветна документација. Во својата биографија, кандидатката наведува дека во 2019 година се стекнала и со сертификат за успешно завршување на Академија за графички дизајн во Едукативниот центар „Брејнстер" во Скопје, што исто е поткрепено со документација во нејзината пријава.

**Претходен избор во звање**

Кандидатката нема претходен избор во звање.

**Објавени научни трудови во референтна научна публикација**

Во списокот на трудови кандидатката ги наведува следните трудови:

1. Магистерски труд „Од платно до бајка: употреба на класичните сликарски техники во креирањето на илустрации за деца“; јуни 2025 г.
2. Стручен труд „Сликарство и илустрирање наменето за деца и млади - разбирање и учење преку слика“; Објавено во годишен ликовен преглед за 2024 година при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; февруари 2024 г.

Комисијата заклучува дека магистерскиот труд на кандидатката не може да се признае во оваа категорија, бидејќи истиот се вреднува и бодува како посебен услов за стекнат научен/уметнички степен. Соодветно на тоа, стручниот труд на кандидатката е објавен во публикација која не се смета за референтна научна публикација, па оттаму Комисијата смета дека овој труд треба да се разгледува и бодува како труд објавен во стручно (научно-популарно) списание.

Врз основа на наведеното, Комисијата констатира дека кандидатката нема објавено научни трудови во референтна научна публикација.

**Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава**

Кандидатката е авторка на повеќе признати уметнички и стручни дела и остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава. Во прилог ги наведуваме најзначајните такви дела и претставувања.

| Бр. | Автор | Наслов на делото / изложбата | Место на претставување | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јована Трајанова | Atiny’s Castle, Hailblade x Leodav | Base 42, Скопје, Р. Северна Македонија | 2025 |
| 2. | Јована Трајанова | Уметник/ илустратор во македонскиот анимиран филм „The Toothstars“ | Продукција: InnovaRights & Licensing | 2025 |
| 3. | Јована Трајанова | Боите на приказните, изложба на илустрации за деца | Ликовна академија, УГД, Штип, Р. Северна Македонија | 2024 |
| 4. | Јована Трајанова | Уметник/ илустратор во македонскиот анимиран филм „Јон Вардар против галаксијата“ | Продукција: Lynx Animation Studios<br>3D2D Animatori<br>Invictus<br>Umatik Entertainment | 2024 |
| 5. | Јована Трајанова | Уметник/ илустратор во американскиот анимиран филм „Olive“ | Продукција: Aeon Production, Best Yet Entertainment | 2024 |
| 6. | Јована Трајанова | Комплетно илустрирање на сликовницата „Детето на Месечината“ на авторката Јана Глигороска<br><br>ISBN 978-608-267-797-2 | Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Јована Трајанова | Комплетно илустрирање на сликовницата „Перуника“ на авторот Сибо<br><br>ISBN 978-608-267-471-1 | Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија | 2022 |
| 8. | Јована Трајанова | Комплетно илустрирање на сликовницата „Игра со придавки“ на авторката Оливија Георгиевска<br><br>ISBN 978-608-267-456-8 | Издавач Либи, дел од Арс Ламина, Скопје, Р. Северна Македонија | 2021 |
| 9. | Јована Трајанова (како Јована Велинова Трајанова) | Учество на четвртиот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2021, објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #4, добитничка на трета награда | Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија | 2021 |
| 10. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на Вториот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2019 г., објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #2, добитничка на прва награда | Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија | 2020 |
| 11. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на Првиот конкурс за наградата за стрип „Лифт“ за 2018, објавување на стрипот во рамки на публикацијата Стрип награда Лифт #1 | Издавач Темплум, Скопје, Р. Македонија | 2019 |
| 12. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Изработка на носечки постер за настанот МКЦ за Скопје | МКЦ, Скопје, Р. Северна Македонија | 2019 |
| 13. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Публикуван стрип во Стрип магазин Деветка, бр. 4<br><br>ISSN: 2545-4846 | Издавач „Стрип квадрат“, Р. Северна Македонија | 2019 |
| 14. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Публикуван стрип во Стрип магазин Деветка, бр. 1<br><br>ISSN: 2545-4846 | Издавач „Стрип квадрат“, Р. Северна Македонија | 2018 |
| 15. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Илустрација на насловна страна на Публикација: Човекови права, уредничка д-р Жанета Попоска<br><br>ISBN 978-608-4788-31-7 | Издавач ОБСЕ Македонија | 2018 |
| 16. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Самостојна изложба на Јована Велинова Retrospect-Room | Јавна Соба, Скопје, Р. Македонија | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Не е шега: дискриминација, цензура, учество на изложба | Музеј на Македонија, Скопје, Р.Македонија | 2018 |
| 18. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Изложба на студентите од Ликовна академија при УГД – Штип во рамки на Текстилијада | КУЦ Текстил, Штип, Р. Македонија | 2017 |
| 19. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Самостојна изложба на Јована Велинова | Фоаје на Дом на култура „Ацо Шопов“ – Штип, Р. Македонија | 2017 |
| | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на изложба „Стрип во Штип | Универзитетска библиотека Гоце Делчев, Штип, Р. Македонија | 2017 |
| 20. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на стрип изложба организирана во рамки на Скопје стрип фест ‘16 | Музеј на Град Скопје, Р. Македонија | 2016 |
| 21. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на Paratissima Skopje, како дел од претставувањето на студентските работи на Ликовната академија при УГД Штип | МКЦ Скопје, Р. Македонија | 2015 |
| 22. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | 48. традиционална изложба на ДЛУШ | Галерија Безистен, Штип, Р. Македонија | 2015 |
| 23. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество на изложбата „Фантастичното во стрип уметноста“ | Фоаје на Центар за култура, Битола | 2014 |

Кандидатката приложи и постер за учество на студентската годишна изложба „Еднаш ние“, одржана во Галерија „Безистен“ во Штип во 2017 година, но на истиот документ не постојат наведени имиња на учесниците според кои би се потврдило нејзиното учество. Дополнително, Комисијата констатира дека годишните изложби кои се дел од стандардното претставување на студентските трудови на крајот од учебната година не се вреднуваат како активност за избор.

Комисијата потенцира дека во оваа табела се поместени и печатените изданија илустрирани од кандидатката, нејзините ликовни обликувања на корици, дизајни на постери и застапеност во стрип публикации. Поради неможност овие активности да се бодуваат во доменот на илустрацијата, Комисијата констатира дека целосно илустрираните изданија на кандидатката

(ред. бр. 6, 7 и 8 во табелата) имаат вредност еквивалентна на самостојни изложбени претставувања, додека застапеноста во публикации, илустрации на корици и дизајни на постер можат да бидат разгледувани како учества на групни изложби (ред. бр. 9-16).

Дополнително, во оваа табела се вметнати и илустраторските ангажмани на кандидатката на домашни и меѓународни анимирани филмови, и истите ќе бидат вреднувани како учество на групна изложба во земјава и во странство (ред. бр. 2, 4 и 5).

**Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Кандидатката Јована Трајанова активно го владее англискиот јазик, за што има приложено соодветна документација од Институт за јазици при Филолошкиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што се наведува дека го положила испитот по англиски јазик со максимален број бодови.

**Способност за изведување на високообразовна дејност**

Кандидатката м-р Јована Трајанова во документацијата има приложено документ со кој докажува дека успешно ја завршила студиската програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во 2020 година. Дополнително, кандидатката приложи документација за држење на обука во рамки на проектот “Art for Advocacy: Empowering Artists in the Balkans” во 2019, како тренер за техники на стрип цртање. Имајќи ги предвид студиите по Класично сликарство на прв циклус и Сликарство на втор циклус, како и версатилноста на кандидатката во повеќе дисциплини од областа на визуелните уметности, Комисијата констатира дека кандидатката се одликува со способност за извршување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

**Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

Кандидатката во својата документација има доставено доказ за учество на еден проект:

| Бр. | Автор | Наслов на проект | Место на претставување | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јована Трајанова (како Јована Велинова) | Учество како Comic technique trainer (тренер за техники на стрипско цртање) во рамки на меѓународниот проект “Art for Advocacy: Empowering Artists in the Balkans” | Хотел Пела, Охрид, Р. Северна Македонија | 2019 |

Комисијата констатира дека наведениот меѓународен проект *„Art for Advocacy: Empowering Artists in the Balkans“* по својата природа претставува меѓународен стручно-апликативен и уметничко-едукативен проект, а не класичен фундаментално-научен проект.

Имајќи предвид дека проектот вклучува директна примена на стручно-уметнички вештини, методологија и едукација на меѓународно ниво,

Комисијата го признава и соодветно го вреднува овој ангажман во рамките на Стручно-апликативната и организационо-развојна дејност *Учесник во меѓународен проект*, со 8 поени. Воедно, констатира дека кандидатката нема учество во научноистражувачки проекти.

**Успешно дејствување во соодветната област на уметноста**

М-р Јована Трајанова речиси од дипломирањето исклучително успешно дејствува во областа на визуелната уметност, оставајќи значаен творечки печат на домашната ликовна сцена. Нејзината куса, но богата и континуирана активност е потврдена преку бројните самостојни и групни изложби, илустрирани изданија и публикувани дизајни. Како дополнителна потврда за нејзиниот успех се следните награди и признанија:

- Признание за најуспешни на конкурсот „Современи бајки од Македонија" за илустрациите на бајката „Перуника", доделена од Движењето за поддршка на креативноста Иво Лауренчиќ – „Браво сине!" и Издавачката куќа „Арс Ламина", 2022;
- Трета награда на четвртиот конкурс за стрип „Лифт" #4 за 2021, 2021;
- Прва награда на вториот конкурс за стрип „Лифт" #2 за 2019, 2020;
- Награда „Златен стрип", III награда на Конкурсот за стрип на 13. Меѓународен салон на стрип – ВЕЛЕС 2015, доделена од Стрип центарот на Македонија, 2015;
- Награда „Златен стрип" за дебитантски стрип на Конкурсот за стрип на 11. Меѓународен салон на стрип – ВЕЛЕС 2013, доделена од Стрип центарот на Македонија, 2013.

Дополнително, кандидатката ги има добиено и следниве сертификати, благодарници и пофалници:

- Благодарница за развој и популаризација на балканскиот стрип, како и несебична помош во работата на Лесковачката школа за стрип „Никола Митровиќ Кокан", доделена на 24. Балканска смотра на млади стрип автори, Лесковачки стрип средби 2022;
- Пофалница во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето, за студиската 2019/2020 година, за дипломирање со среден успех 9.56 на Ликовна академија, доделена од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
- Сертификат за учество на натпреварот за краток стрип, доделена од Амбасадата на САД во Македонија и Американ корнер Македонија, 2017;
- Сертификат за учество за успешно завршен проект „Уметност и дизајн за застапување", доделен од Фондација за дебата и едукација, ИДЕА Југоисточна Европа Скопје, 2015.

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Со оглед на тоа што кандидатката првпат конкурира за избор во звање во високото образование и претходно не била во работен однос на високообразовна установа, Комисијата констатира дека истата немала можност за исполнување на овој услов.

**Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

Кандидатката нема објавено учебник, скрипта ниту практикум, но имајќи предвид дека станува збор за прв избор во насловно звање, овој критериум не е неопходен за исполнување на условите.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката м-р Јована Трајанова поседува соодветни квалификации од областа на ликовната педагогија и методика за изведување наставно-образовна дејност, потврдена со завршената студиска програма за стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во 2020 година. Во рамките на нејзината претходна едукативна и практична ангажираност, таа има остварено искуство како тренер за техники на стрип-цртање во рамките на меѓународниот проект „Art for Advocacy: Empowering Artists in the Balkans" во 2019 година. Со оглед на тоа што кандидатката за првпат конкурира за избор во звање во високото образование и ги нема претходно поминато изборните постапки, таа досега не била во работен однос на високообразовна установа ниту има изведувано редовна универзитетска настава или вежби.

Во однос на научноистражувачката и стручната дејност, кандидатката има изработено и успешно одбрането магистерски труд под наслов „Од платно до бајка: употреба на класичните сликарски техники во креирањето на илустрации за деца" во јуни 2025 година, кој се вреднува како посебен услов за стекнатиот научен и уметнички степен магистер по ликовна уметност од областа на сликарството. Покрај ова, таа го има објавено стручниот труд „Сликарство и илустрирање наменето за деца и млади - разбирање и учење преку слика" во Годишниот ликовен преглед за 2024 година при УГД – Штип. Со оглед на природата на публикацијата, овој труд се разгледува и вреднува како труд објавен во стручно односно научно-популарно списание, при што кандидатката нема објавено трудови во референтни научни публикации со фактор на влијание (Impact Factor).

Главниот фокус и тежиштето во творештвото на кандидатката се насочени кон стручно-уметничката и применетата дејност, кои опфаќаат богата изложбена дејност, авторска илустрација на детски сликовници, стрип и графички дизајн, за кои има освоено повеќе значајни награди и признанија. Врз основа на високото ниво на академска подготовка, постигнатиот успех за време на студиите и остварените резултати во уметничката пракса, се заклучува дека кандидатката поседува соодветен потенцијал и капацитет за успешно вклучување во наставно-образовниот процес и изведување високообразовна дејност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во досегашната професионална ангажираност, кандидатката м-р Јована Трајанова остварува континуирана и плодна стручно-применета и организациско-развојна дејност, пред сѐ во областа на илустрацијата, детската литература, концептуалниот дизајн и визуелните уметности. Нејзиното деловно портфолио вклучува интензивна соработка со издавачки куќи, продукциски студија и меѓународни платформи, каде што се издвојува како автор и илустратор со препознатлив визуелен израз.

Меѓу нејзините најзначајни практични остварувања е основањето на платформата за детска илустрација и едукација „Скрибли" (Scribbli), каде што преку креирање дидактички и визуелно богати материјали директно придонесува кон развојот на илустрацијата наменета за деца. Покрај ова, нејзиниот ангажман во професионалната продукција опфаќа значајна работа

како илустратор на долгометражниот анимиран филм „Јон Вардар против Галаксијата“, како и илустраторски ангажмани на проекти од меѓународен опсег, меѓу кои се издвојуваат изданијата „Олив“ (Olive) и „The Toothstars“.

Покрај анимираните и издавачките проекти, кандидатката редовно учествува во оформувањето, дизајнот и комплетната визуелна подготовка на авторски детски сликовници, стрипови и едукативни публикации кои се наведени во овој Извештај. Во делот на организациско-развојната дејност, таа активно учествува во организација и координација на уметнички работилници, изложби и проекти за промоција на визуелните уметности меѓу младите, потврдувајќи го својот висок професионален капацитет, оперативност и подготвеност за тимска и самостојна примена на уметничко-стручните знаења.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација доставена од страна на кандидатките м-р Верица Наумова и м-р Јована Трајанова. По прегледот на приложената документација Рецензентската комисија констатира дека двете кандидатки во целост ги исполнуваат условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во **звање насловен доцент**.

Имајќи ја предвид исклучително малата разлика во поените, Комисијата констатира дека во изборот на еден кандидат пресудна улога играат конкретните потреби во наставата, па оттаму смета дека ННУС на Ликовна академија има право детално да ги разгледа посебните квалификации на секоја од кандидатките при донесување на конечната одлука. Сепак, земајќи ја предвид долгогодишната вклученост во образовниот процес од областа на ликовната уметност, нејзиното континуирано создавање едуцирани поединци, како и неколкугодишната вклученост во наставата на Ликовната академија, Рецензентската комисија дава мала предност на кандидатката м-р Верица Наумова.

Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија со искрено задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Верица Наумова да биде избрана во насловно звање доцент во наставно-научната област ликовна/визуелна уметност** и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на кандидатот во наведеното звање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
М-р Јана Јакимовска, редовен професор, претседател, с.р.
М-р Слободанка Стевчевска, редовен професор, член, с.р.
М-р Антони Мазневски, редовен професор, член, с.р.

## Кандидат м-р Верица Наумова
## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | / | / | 1 | 1x3=3 | 3 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 9 | 9x3=18 | 5 | 5x6=30 | 48 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 12 | 12x2=24 | / | / | 24 |
| 12 | Одбранет магистерски труд | 1 | 1x4=4 | / | / | 4 |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 1 | 1x6=6 | / | / | 6 |
| 28 | Монументално ликовно дело | 1 | 1x10=10 | / | / | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **95** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 2 | 2x2=4 | / | / | 4 |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 9 | 9x0,5=4,5 | / | / | 4,5 |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 3x5=15 | / | / | 15 |
| 19 | Стручни награди и признанија | 6 | 6x4=24 | / | / | 24 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **47,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **142,5** |

## Кандидат м-р Јована Трајанова
## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 16 | 14x3=48 | 1 | 1x6=6 | 54 |
| 12 | Одбранета магистерска работа | 1 | 1x4=4 | / | / | 4 |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 7 | 7x6=42 | / | / | 42 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **100** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 1x2=2 | / | / | **2** |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 1x2=2 | / | / | **2** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 9 | 9x4=36 | / | / | **36** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **140** |